РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3216/2

14-09-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 92-та седница одржана на 11.09.2023 година ја донесе следната

О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-3216/1 од 04.07.2023 година, против судски одлуки донесени од неколку судови во РСМ и соработката на судии со извршители, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема надлежност за постапување по предметниот случај, а предметот ќе го достави на надлежно постапување во Министерството за правда на РСМ и Комората на извршители на РСМ.

Предметот со број 12-3216/1 од 04.07.2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 04.07.2023 година, поднесена е пријава против судски одлуки донесени од неколку судови во РСМ и соработката на судии со извршители и оформен е предмет со број 12-3216/1 од 04.07.2023 година.

Подносителот укажува на можноста од вршење на злоупотреба на АКМИС системот, преку користење на софистицирано софтверско решение која овозможува пристап на надворешни лица, вклучително и пристап од други земји, до сите судски одлуки содржани во системот. Така според подносителот постоела можност за злоупотреба на податоците содржани во системот.

Со ова, како што е наведено во пријавата, подоцна доколку имало потреба од спроведување на налог за извршување од страна на извршител, настанувал проблем при реализација на истото.

Подносителот бара ДКСК да постапи согласно законските надлежности и за утврдените состојби да ги извести надлежните органи.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата, станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, туку се работи за наводи по прашања поврзани со надлежно постапување на други органи и оцени предметот да го достави на надлежно постапување во Министерството за правда на РСМ и Комората на извршители на РСМ.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: Ф.О

Одобрил: Н.Б, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk